О П Ш Т И Н А Г Р А Д С К О
У Л.„А л е к с а н д а р М а к е д о н с к и“ б р.70А Г р а д с к о
Т е л : +389043251522 ф а к с : +38943251856
Е-м а и л : gradsko1@t.mkwww.gradsko.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09-407/1
17.06 2021 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики ( Службен весник на Република Северна Македонија бр. 10/20), член 50 став 1 точка 14 и член 63 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на Република Македонија 5/02 ), Градоначалникот на Општина Градско, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за назначување на службеник за млади одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на Општина Градско

1. За службеник за млади, одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на Општина Градско, се назначува

**Мери Седмакова Димовска**, Советник за образование, култура и спорт во Одделение за правни, општи работи и јавни дејности во Општина Градско

2. Назначеното лице од точка 1 на ова Решение е одговорно за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес за младите во делокругот на надлежностите на Општината.

3. Службеникот за млади изготвува годишен извештај за работата на Општина Градско во делокругот на млади и истиот го поднесува до Агенцијата за млади и спорт и го објавува на веб-страницата на Општина Градско.

4. Назначеното лице може да се контактира во седиштето на Општина Градско на ул. „ Александар Македонски “ бр. 70-а, на тел.043/251-522 или на е-маил: gradsko1@t.mk.

5. Решението да се објави на веб-страницата на Општина Градско.

## О б р а з л о ж е н и е

Со законот за младинско учество и младински политики и Статутот на Општина Градско, утврдена е должност на Општината да одреди службеник за млади, лице кое ќе биде одговорно за работењето на канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

О П Ш Т И Н А Г Р А Д С К О
У Л.„А л е к с а н д а р М а к е д о н с к и“ б р.70 А Г р а д с к о
Т е л : +389043251522 ф а к с : +38943251856
Е-м а и л : gradsko1@t.mkwww.gradsko.gov.mk

Имајќи ја во предвид ваквата обврска, со оваа Решение се назначува лице, вработено во администрацијата на Општина Градско кое ќе ги врши работите на службеник за млади.

Ваквото Решение, како и информации за службеникот за млади ќе бидат објавени на веб-страницата на Општина Градско.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Градско, до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата на Општина Градско.

Градоначалник
на Општина Градско
Роберт Бешовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДСКО
ОПШТИНА ГРАДСКО